Врз основа на членовите 48, 49, 50, 51, 52 и 53 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/2018), согласно Правилникот за систематизација на работни места во Општина 04-6184/1 од 27.08.2015 година 14.07.2017 година, 04-1043/1 од 14.02.2018 година, 04-1816/1 од 19.03.2018 година, 04-1816/4 од 02.05.2018 година, 04-5304/1 од 07.08.2018 година, 04-7884/1 од 29.10.2018 година и 04-8399/3 од 30.11.2018 година, Секретарот на Општина Аеродром на ден 16.01.2019 година ја донесе следната

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-68/5
16 JAN 2019 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за вршење избор на администртивен службеник по објавен интерен оглас 02/2018

1. Во врска со објавениот интерен оглас бр.02/2018, на веб страната на Општина Аеродром, и на Агенцијата за администрација на ден 31.12.2018 година, за унапредување на административен службеник, избран е следниов административен службеник за следново работно место:

Катерина Стојановска - Виш соработник за администрирање на даноци - шифра УПР 0101В02000 – 1 извршител.

2. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука ќе се донесе соодветно решение за унапредување на административен службеник .
3. Одлуката за избор на административен службеник по Интерен оглас бр.02/2018 се доставува до кандидатот и се објавува на веб страната на Општина Аеродром.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Во членовите 48, 49, 50, 51, 52 и 53 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/2018), е предвидена постапката за вработување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас, при што е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.02/2018 на веб страната на Општина Аеродром и на веб страната на Агенцијата за администрација на ден 31.12.2018 година на горенаведеното работно место, Комисијата за селекција за унапредување (формирана со решение број 04-68/2 од 09.01.2019 година), по спроведената постапка-административна селекција со кандидатот, утврдена со записник од административна селекција за интерен оглас број 04-68/3 од 11.01.2019 година, изготвен записник од спроведено интервју, со финална ранг листа на кандидати со предлог-одлука за избор на прворангиран кандидат, број 04-68/4 од 11.01.2019 година, која ја достави до Секретарот на Општина Аеродром.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Општина Аеродром по разгледување на приложената финална ранг листа одлучи како во диспозитивот на одлуката.